**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-115/3
25.02.2021 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија плански период 2018-2028 година, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и Јавна анкета за**
**Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028**

Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија плански период 2018-2028 зафаќа површина од 124,65 ха.

Предметниот плански опфат е дефиниран со следните граници:

Од север кон североисток по североисточната страна на надворешниот тротоар на сервисна улица „1“ се до пресек со магистралната улица низ населено место - село, регионалниот пат Р-1102 од каде почнува да се симнува кон југ по источната страна на надворешниот тротоар на магистралната улица низ населено место - село регионалниот пат Р-1102, се до пресекот со обиколницата.

Оди по југоисточната надворешна страна на истата се до КП бр.2633/2, каде ги сече КП бр.2633/3 и КП бр.2633/2, па оди по североисточната, источната и југоисточната страна на КП бр.2633/2, ја заобиколува КП бр.2634/1 по нејзината источна и југоисточна страна ја сече КП бр.2001/13 и обиколницата.

Тргнува кон запад сечејки ја КП бр.2001/1 се до КП бр.1996, оди по нејзината југозападна и западна страна ја сече КП бр.2001/1 па оди по јужната и западната страна на КП бр.1997, ја сече КП бр.2001/1 оди по југозападната страна на КП бр.1998 повторно ја сече КП бр.2001/1 па оди по југозападната страна на КП бр.1999, повторно ја сече КП бр.2001/1 па оди по јужната страна на КП бр.2000 и повторно ја сече КП

бр.2001/1 па оди по југозападната страна на КП бр.7004 се спушта по југоисточната страна на КП бр.7004 се спушта по југоисточната страна на КП бр.7068, па до југоисточната страна на КП бр.7069, повторно ја сече КП бр.2001/1, па оди по југозападната страна на КП бр.7064 и КП бр.7055, ја сече КП бр.7063 оди по југозападната хадворешна страна на тротоарот на станбена улица „7", се спушта кон југ заобиколувајки ја КП бр.7065/2 по нејзините југоисточни и југозападни страни и оди кон запад по југозападната страна на КП бр.2059 и КП бр.4611.

На запад почнува да се искачува по југозападната и западната страна на КП бр.7052/2, југозападната, западната и северозападната страна на КП бр.7053/2. Ги сече КП бр.7050/2 и КП бр.7050/1, оди по западната страна на КП бр.7049 и КП бр.7044, ја сече КП бр.7043/1, оди по југозападната и западната страна на КП бр.7042 ја сече КП бр.7041 и оди по нејзината југозападна и северозападна страна, па оди по југоисточната и југозападната страна на КП бр.7040, се спушта по северозападната страна на КП бр.7045/1, ги сече КП бр.7039, КП бр.1911/1, КП бр.1727 и КП бр.1729, оди по северозападната страна на КП бр.6402, ги сече КП бр.6403 и КП бр.6670, оди по југозападната страна на КП бр.6397, па по северозападната страна на КП бр.6399, ја сече истата, па оди по нејзината северозападна страна, па по југозападната страна на КП бр.6395/2, по северозападната страна на КП бр.6393, КП бр.6397 и КП бр.6400, ја сече КП бр.6394, оди по југозападната страна на КП бр.6393, повторно ја сече КП бр.6394, го сече постоечкиот пат со КП бр.4604, па оди по северозападната и североисточната страна на надворешниот тротоар на станбената улица „14". Оди по северозападната и западната страна на КП бр.6392, ја сече КП бр.6375 и КП бр.6406, оди по северната страна на КП бр.6408, КП бр.6409, КП бр.6410, па оди по северозападната страна на КП бр.6405 и КП бр.6374/1. Продолжува нагоре по западната, југозападната, северозападната и северната страна на надворешниот тротоар на станбената улица „18", се до КП бр.6225/2, од каде се искачува кон север по северозападната страна на КП бр.6225/2 и КП бр.6224, па оди кон исток по северната страна на КП бр.6224 и североисточната страна на КП бр.6225/3, па се искачува нагоре сечејќи ги КП бр.6223, КП бр.6226/1, КП бр.6221, КП бр.6226/2 и КП бр.6217. Се спушта надоле по северозападната и североисточната страна на КП бр.6218, оди нагоре по северозападната страна на КП бр.6279/1 и КП бр.6205, ги сече КП бр.6292, КП бр.6200/3 па оди по северозападната страна на КП бр.6200/2, по северната страна на КП бр.6200/1, па повторно се искачува по западната, северозападната и северната страна на надворешниот тротоар на станбената улица „20". Повторно се искачува по западната страна на надворешниот тротоар на сервисна улица „2" се до појдовната точка на опфатот.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот **ќе се одржи на ден 05.03.2021 година во 12:00 часот во ООУ „Климент Охридски" во Миравци, општина Гевгелија.**

Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 ке биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Јавната анкета** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 05.03.2021 година до 19.03.2021 година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Градоначалник на
општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**